Жаклина Михајлова – Учителката е полна со љубов за децата. Таа по професија е учителка по македонски јазик, во Сиднеј, Австралија.



Ако ви се допадна „Златенца“, најверојатно ќе ви се допаднат и другите нејзини книги. Побарајте ги во библиотеките или во книжарниците. Очекувајте ги и новите книги за деца, во коишто главна е Нина. А која е Нина? Таа е едно мало, умно и послушно девојче од Македонија. Наскоро Нина ќе биде дел од убавото македонско творештво.

„Научете да рецитирате“, порачува Учителката, зашто рецитирањето е древна македонска вештина, ве прави умни и сигурни во себе, зашто кој течно говори – тој течно размислува и секогаш е горд на себе! Научете ги песничките напамет и бидете мудри!“

Club Matica

ISBN ???

Жаклина Михајлова ЗЛАТЕНЦА

Жаклина Михајлова

# ЗЛАТЕНЦА




матица

Жаклина Михајлова

# ЗЛАТЕНЦА

**Жаклина Михајлова**
**ЗЛАТЕНЦА**

Издавач
**Матица македонска**
Скопје, 2016

За издавачот
**Дејан Павлески**

Главен уредник
**Раде Силјан**

Лектура
**Елена Тошевска**

Електронска реализација и корица
**Методија Николовски**

**Илустрација на корица**
Елена Максимовска (6 години)

Жаклина Михајлова

# ЗЛАТЕНЦА

матица

## Рис

Не е мачка, не е лав,
има крзно, нема страв,
на дрвјата итро се качува,
со храброста своја се чува.

Од дамнина кај нас живее,
низ шумите на дрвјата цари,
рис го викаме и знаеме вирее
во горите македонски, стари.

## Ху – бум

Мечето Менде
дошло да седне,
јагода да касне
за да порасне.

Го видело дете
и почнало да вика:
„Брзо, брзо мамо,
тато, даде, бате,
мечето сака
да се слика!“

Ти си прв,
јас сум втор,
таа срка,
тој брка.



## Мецана

Еве иде мецана
низ горага сама,
ги загуби мечињата,
кутрата им мама!

„Леле, леле, леле, ле,
што ме снајде деца,
леле, леле, леле, ле,“
се туфкаше меца.

„Каj ли ќе ве пронајдам
милите на мама?
Кај ли ќе ве барам
да не талкам сама?“

Три години ги чуваше,
три години ги гледаше,
ги научи да јадат,
да живеат, да ловат...

Сега им е редот
сами да се снајдат,
низ горага зелена
радосни да бидат.

## Буба Мара

Летни, летни бубамаро
донеси ми гости,
летни, летни бубамаро,
далечини премости.

Да ми дојдат, да ми седат,
мазник да ги гостам,
да си играм, да си пејам,
слатки да ги честам.

Летни, летни, бубамаро,
правец прав фати,
летни, летни бубамаро
патот да ти се позлати!



## Пајаче

Пајаче црно, пајаче кутро,
во дворот најде Дади,
пајаче чудно, пајаче тажно,
под листот скриено седи.

Наместо нозе осум,
седум има тоа сега,
на едната страна споро оди
не може никаде да бега.

Внимание треба секогаш, сегде,
се случуваат несреќи често,
на улица, во дворот, дома,
биди добар и на вистинското место.

## Ручек

Матеа е мала
кукличка на мама,
денеска си облече
сукњичка сама.

Се исчешла, се изми
и чевли си стави,
се дотера убаво и
важна се прави.

Кај ќе одиш мамино?
мајка ѝ ја праша,
седи овде злато,
да ручкаш каша!

Голема сум веќе,
немам време сега,
кашата чувај ја за вас,
леб и ајвар сакам јас!



## Златенце

Води ме во паркот,
сончко да ме гали!
Кај баба сакам
пари да ми дари!

На пазар да одиме,
играчки јас сакам!
Уште не сум бил
риби да фаќам!

Ме слушате ли, ејјј,
мамичке и тато,
сè треба да ми купите,
нели, јас сум ваше злато!

## Играта на Мими

Си игра Мими
со ајпедот мини,
го притиска,
се смее,
си зборува,
си пее.

Срeќна е Мими
во царството
на игри патува.
Сѐ што со
прстето на ајпедот
ќе допре,
го позлатува!



## Телефонски разговор

Здраво бабо, здраво дедо,
како сте ми денеска?
Да ве видам многу сакам,
песна да ви кажам македонска.

Учам наш јазик, бабо,
на училиште одам,
и оро наше играм,
танецот го водам.

Горд сум дедо
како тато и мама,
Македонец сум чист,
на тебе сум по изглед ист.

Ајде сега родот голем
вечен нека биде,
славата на прадедовците
на дело да се виде.

## Сонце

Сонцето е многу жешко.
Сонцето е многу светло.
Сонцето е радост важна,
сонцето е љубов наша.

Сончевината здравје дава,
за убава, витка става,
сонцето кога свети,
во срцето радост плети!



## Што сакам да бидам

Учителка сакам да бидам - гордо вели Лиле,
а јас на компјутер ќе работам - се фали Миле,
Ако сакате да бидете тоа - мамичка вели гласно,
да учите треба отсега, нека ви е јасно!

## Божилак

Божилак од бои
на небото видов
после дождот кога
во паркот отидов.

Божилак, ѕуница, виножито,
имиња се, македонски три
тоа е лак со спектар од бои
под кој можеш да поминеш ти.

Пробај дете, трчај,
ако под него се провреш
злато, среќа, радост и
богатство ти ќе добиеш.



## Комарец

Зум, зум, летам, шетам,
зум, зум, комарец сум јас,
зум, зум, боцкалче имам
зум, зум, да те боцнам јас!

Оф, боли, боли, немој, не,
комарецу не ме боцкај ти!
Мојата крв за мене си е,
бегај, не ми прави проблеми!

## Имаме глувче ние

Ејјј, имаме глувче ние!
Го видов, се шета, не спие!
Трча од ќош во ќош:
– Што бара овој глушец лош?

Не е лош, мамичке мила,
гладен е тој, може!
Може и мајка си нема,
за јадење цивка, о, Боже!

Кутрото глувче, в куќа ни влегло,
гостин нека ни биде, имаме легло,
да го почестиме одма со сиренце бело,
а утре, утре ќе го викнам и другар ми Вело!

Да дојде сакам и баба,
за вкусно да го нахрани.
Ќе го викнам и дедо,
куќичка да му направи.

За да не се пика, кутрото,
по дупките темни и мали,
за да не настине, мило,
кај нас, на гости, кога било.



Урааа, во куќата имаме
урнебес смешен, врел!
Семејство ни се возбуди,
заради еден глушец бел!

## Дојди дедо

Ало, ало дедо Томче,
јас сум твојто мало момче,
далеку во туѓина родено,
во Македонија никогаш не дојдено!

Ајде, ајде дедо Томче
куфер земи си, па
качи се на Квантас,
дојди си ти кај нас!

Да ме видеш, да ме гушнеш,
песни наши да ми пееш,
во парк да ме шеташ,
да ме слушаш, да ме сакаш ти!



## Авион

Авионот лета горе
низ небото сино чисто,
лета над планини и над море,
како стрела ита исто.

Набрзина патници носи
од еден до друг крај,
низ светот пилот ги вози,
авионот е практичен, знај!

## Воз

По шини вози возот,
ита, брза, свири,
патници и пакети превезува,
насекаде може да патува.

Чуф,чуф,чуф,
возот стар ита,
чуф,чуф,чуф,
по шини, низ земји скита.

На перонот чекаш дете,
да застане возот прво,
да излезат патници, ете,
а потоа се качуваш внатре!

Во возот учтиво седиш,
не смееш да зборуваш гласно,
на постари место им даваш,
културен си секогаш, јасно!



## Коледе

Коледе е празник,
за децата радост,
мазникот со паричка
го јадам со сладост.

Коледе, леде,
– децата пејат,
одат на гости,
колачиња слатки
ќе јадат со јатки.

И парички има,
има и костени
и јаболки и бонбони,
во секоја куќа
ѕвончето ќе ѕвони!

Коледе леде,
коледе леде,
денес е коледе,
утре е Божик!
Урааа!

## Божик

Денес е голем ден,
Божик е славен!
Христос се роди
за радост да броди.

За многу години
денот да ни е!
Радост да се дели,
здравје Боже,
догодина повесели!

Денес мама сама
свечен ручек прави,
роднини, пријатели,
ќе ни дојдат,
дома ќе се слави.



## Роденден

Роденден има
малата Нина,
како принцеза е
дотерана,
од уво до уво
е насмеана!

Полна е куќата
со бонбони и балони,
има и кифлички,
соленки и сокче.
за сите по нешто,
да, навистина има сѐ и сешто!

Тортата е прекрасна,
како најубава пеперутка, ете,
најпрво свеќичките да се дувнат,
а потоа ќе се подели на секое дете.

Најубаво од сѐ на светот
дружењето ќе биде,
зашто Нина е голема веќе,
другарчињата и се цвеќе.

## МАКЕДОНИЈА

Мисла си на дедо,
а и на тато,
колку ли си убава
еј, ко од злато!
Дедо ми ми вели, ете,
оди таму мило мое дете!

Нека од срце радост ти блика
играј, пеј и прати ми слика!
Јас се спремам со сета сила,
ајде, во Македонија ќе одам мила!



## Од мене

Јазикот наш
македонски
светла е ѕвезда,
во животот што ме
грее и води!

Го учам гордо,
го сакам,
го зборувам,
со радост
на баба
секој збор ѝ го
повторувам.

## Ученик

Води ме мамо
да учам
македонски,
на баба и дедо
внук да бидам
вистински!

Викни ги, тато,
и баба и дедо,
да ме гушнат,
да ми зборуваат,
со мене
да се радуваат!



## Химна за македонскиот јазик

Учи, учи мило дете
научи македонски,
македонски учи, чедо,
мајчин јазик најубав.

Многу сакам јас да учам
јазик наш македонски,
многу сакам мили деца,
древен јазик исконски.

Буква, зборој, четиво
топол глас учителски,
многу наши дечиња
сакам да запознаам.

Кога ќе ме носиш мамо
во наш убав стари крај,
роднини да видам мамо
со нив да си зборувам.

## Наша химна

Учи, учи дете мило,
учи јазик наш,
учи македонски
вечно да би било.

Учете македонски
радосни и весели,
за културата древна,
за орото и песна.

Да, да, да, да,
учам јас македонски!
Да, да, да, да,
многу сакам, ете,
македонски да зборувам,
како секое наше дете!

Со баба да се разберам,
на дедо песна да му пејам,
стихотворби да научам,
да читам и да пишувам!



Сега мамо носи ме,
на училиште јас да одам,
јазикот да го научам,
јазикот наш македонски.

Јазикот наш македонски
најстар е на овој свет!
Јазикот наш мајчински
личен е како убав цвет!

## Мајчин јазик

Треба да го научиш,
треба да го зборуваш,
треба да го разбираш,
треба да го чуваш
јазикот наш македонски,
зашто тој е завет твој
уште од дедо ти,
и од дедо му на
дедо ти,
од дамнина,
во гените ни е
светлина!



## Сутлијаш

Сутлијаш свари ми бабо,
од млеко и ориз бел,
сутлијаш благ и кремов,
мелем за душата сладок.

Ќе го викнам веднаш бато,
да, треба да се заслади и тој,
ќе му дозволам и на тато
да касне од сутлијашот мој.

Мамичка не јаде благо,
на диета е таа, вечна,
дедо има покачен шеќер,
значи, остатокот е моја власт,
ќе го кркам сама со сласт!

## Булдожер

Наутро уште рано в зори,
голема бука се крева
на градилиштето
до нашата куќа сива.

Булдожерот грми,
копа, длаби, чисти,
дупчалката дупчи
во земјата, дупки исти.

Мешаат сив бетон
три мешалки бели,
крановите дигаат товар
високо на зградите горе.

Се гради сегде, роде,
згради никнуваат нови,
ќе се доселат, сигурно знам,
и други деца, не е шега,
во маалото наше сега.



## Пуканки

Ги гледам,
се чудам,
како се
однесуваат:
интересно
распукнуваат,
растат,
за момент
запираат
и пак
потскокнуваат.
Се отвораат,
се зголемуваат,
забелуваат....

Готови ли се
пуканките ве молам!
Мирисот ми прави стрв,
за јадење од нив
ќе се наредам прв!

## Шаткините нозе

Една шатка
грациозно низ
водата патка,
шлапка, клапка...
Им ги покажува
своите убави,
портокалови нозе
на рибите,
а ги крие од нас,
во водата ги мие.

Понекогаш, само понекогаш, ете,
ќе се сожали и на нас, дете,
кога ќе нурне во матната бара,
ќе и ги видеме нозете врз водата стара.



## Дуња

На масата чинија
полна овошје зрело,
ме мами да си каснам
во пладнево врело.

Се доближив кротко,
ги допрев со прсти,
си мислев: - Што ли да каснам
за голем џин да пораснам!

Посегнав по јаболче со боја црвена,
го зграпчив за рачката му мала, дрвена.
Го завртев вешто со малите прстиња три:
– А не, не, се премислив, прости ми ти!

Вчера јадев јаболко и грозје бело,
вкусни беа, ги донесе тато од село!
Денеска душата со друго ќе ја сладам,
од чинијата фатив дунката да ја вадам.

Убава, цврста и жолта,
миризлива, мазна како свила
ја зедов во раце и : АМММ,
сакав да ја гризнам сам!

Но, тогаш забележав
дупче едно,
малечко, црно,
дупченце бедно.

Што ли се крие внатре?
– се прашав и задржав здив
Што ли има во мојата дуња?
– се намрштив со подбив.

Со ножето внимателно
засеков парче едно
а таму,
како залутано жарче,
црвче едно ручек јаде:
– Леле, луѓе што ме снајде!

Спокојно си длаби,
во дуњата си брчка,
црвчето вредно
низ неа ’рчка...

Се чудам,
како ли сега и јас
од истата дуња
ќе јадам со сласт!



## Послушност

Слушате ли деца
постари и важни,
ги слушате ли кога
ви раскажуваат сказни?

Слушате ли кога
задачи ви даваат,
слушате ли секогаш
кога ве бараат?

Слушајте ги сега
додека сте мали
за добри да станете
кога ќе пораснете!

## Очила

Тета има нови очила.
Со нив гледа подобро.
Чита, црта пишува
ништо не доближува.
Таа лесно гледа сега
пред очи ништо не ѝ бега.
Денеска ги погледна
цртежите, нови, мои
и воскликна весело:
– Да ти се позлатат, мило ,
рачињата вредни, твои!



## Слатки

Баба Лиле - вредна жена
со брашненце меко,
медени слатки
замеси со млеко.

Се pеделе деца на ред
да си каснат слатки со мед,
Сите со сласт ги јаделе,
цел ден со нив се сладеле.

## Ѕуница

Денес видов ѕуница,
ѕуница во сапуница,
вчера видов деца еден
божилак на небо вреден!

А сега цртам виножито
во блокчето од дедо Мито,
со дрвените боички разни, мои,
си правам креација во сите бои!



## Ѕидар

Со цигли и малтер
куќи и згради ѕидам,
вреден сум и правам сè,
ме викаат мајстор Тасе.

Од кал и бетон малтер правам
и меѓу циглите го ставам.
Еден, два, спрат по спрат, за час,
облакодер висок изградив јас!

## Дожд

Капка по капка,
цел ден врне денес.
Дождот врне,
сѐ се стемни,
само дете
надвор ѕемни.
Низ вирчиња шлапка,
скокна и во длапка!
Лелеее, се извалка,
се изводени!
Ако, децата за игри
се родени!



## Готвач

Готвач сакам да бидам,
јадења вкусни да правам,
слатки, торти и мазник,
на маса готови да ставам.

Со ред да си каснат сите,
кога се сити, полесни се дните,
Уште од сега рецепти измислувам,
гооолем готвач се замислувам!

## Славна

Глумци и глумици
пејачи и пејачки,
режисери, сниматели
за филмови се важни,
за драми и емисии разни.
Кога ќе пораснам голема,
славна сакам да бидам,
не, не е шега несолена,
со глума и пеење
цел свет ќе го видам!



## Облаци

Како памук бели и меки
на небото горе гордо стојат,
облаците полни со капки,
времето го бројат, ли бројат!

Сонцето го кријат тие,
студот голем кога ги фаќа,
капките во дожд се прават,
на сушата крај да стават!

## Ангелче

Ангела е ангелче,
мирна е и умна,
секогаш се смее,
радосно и весело
песнички си пее!

Браво – ѝ велат сите
нејзе кога ќе ја видат,
убаво е, како Ангела,
сите деца умни да бидат.

Да ги слушаат мамичка и тато,
да ги сакаат бабичка и дедо,
да учат, да играат и да јадат
сѐ што возрасните ќе им дадат!



## Моливче

Моливче имам
црвено и мало,
си пишувам со него
по ливчиња само!

Го чувам, го острам,
со него чуда правам,
верувајте ми, чесен збор,
во уста не го ставам!

## Умно дете

Умно сум дете,
јa слушам мама, ете,
Ручкај! - ми вели,
полното меше те весели!

Го слушам везден и тато:
Дојди со мене, злато!
Во парк ќе одиме,
низ улици ќе бродиме!

Умно сум дете, ви тврдам,
од местото нема да мрдам,
од срце те мооооолам, мамо
со ајпедот да си поиграм само!



## Играчка

Еј, другар, на ајпедот што седиш,
да, да, ти, овде сум - здраво!
Во очиве погледни ме право.
Ти си далеку, пријателче,
јас сум овде, на местово свое.

Се гледаме, си играме,
смешки си правиме ние.
Си одиме како на гости исто,
а не сме се мрднале од место.

Овој ајпед, ова прозорче мало,
за мрзливи патувања душа дало.
Во него се крие богатство,
сега немаме маалско,
туку светско братство!

Притисни лево, лево оди,
оооопс десно сега броди!
Внимавај ќе паднеш!
Не, не, не оди таму,
целта е овде, пред тебе!

Лелеее што правиш со себе!!
Притисни, држи, лизгај
кон лево, не, не, сега кон десно,
пушти го срцето, победи лесно!

Уште малку, само малку
и краааааj... Урааа за овој час!
Победив! Шампион сум јас!

„Брзо мамичко, брзо,
јадење ми дај,
брзо, во паузава, сега,
играта да не ми бега!“



## Фудбалер

Дрес и копачки облекувам,
заштитници за колената ставам,
кога на тренинг фудбалски одам
никаде проблеми не правам.

Фудбалер сум деца голем,
голгетер во тимот важен, прв,
голови давам со левата нога,
на табелата мојот клуб е врв!

Трчам, додавам, шутирам, дриблам,
топката ја водам, но ферски играм,
фудбалскиот терен за мене е рамен,
како Марадона ќе станам, толку славен!

Оваа недела дадов пет гола вредни,
минатата изгубивме од играчи средни!
Лутење нема, спорт е тоа важен,
ни кога се губи не биди тажен!

## Како се сака татковината?

Татковината се сака со добрината,
со успесите во текот на годината.
Татковината се сака со љубовта
за корените, за дедовината.
Татковината се сака низ песните,
низ орната, низ приказните и басните.
Татковината се сака на изгрејсонце,
на планините, покрај реките, потоците,
врутоците, кога на езеро е зајдисонце...
Татковината се сака заедно со другарчињата,
со учителката, на екскурзија меѓу лалињата.
Татковината се сака без размислување,
секогаш се сака, без отстапување, се сака,
зашто таа е наша, нè родила, ете така!



## На корзо

Стара мода е таа
на корзо да се шета,
ама јас сакам со тета
да излезам вечер в град.

За рака ќе ја држам, цврсто ќе ја стегам,
умна ќе бидам, нема да никаде да бегам.
Нема за многу работи да прашувам,
и на дедо нема да ја поткажувам.

Ќе се шетаме нагоре, надолу,
ќе јадеме сладолед, ќе пиеме сок,
на сите ќе им велиме - Добро вечер,
ќе бидам исто како голема, таа вечер!

## Ава и Чарли

Малата Ава убаво пее,
по цел ден си игра и се смее.
Умна е Ава, паметна глава,
знае да чита, сака да плете,
љубопитна е како секое дете!

Брат ѝ Чарли кога плаче,
Ава нежно го држи за раче,
му зборува, време му краде,
додека мама не му даде да јаде!



## Миа и Џејк

Еј, деца, на снегот беа
со скиите вчера, Џејк и Миа.
Радоста нивна немаше крај,
се скијаа тие, им беше рај!

Нагоре, надолу, фиууу,
летаа скиите, лизгаа лесно,
малку на лево, па на десно,
сега надолу, еј, кочи, стооој,
ми падна скијачкиот стап, мој!

Цел ден низ планината бродеа,
ни да пијат, ни да јадат не одеа.
О, каков ден, прекрасен сон,
планината ечеше од детскиот ѕвон!

## Трка

Шлем на глава,
ракавици на раце,
на нозете чизми
и без фрки,
ајде на трки!

Гумите ги проверив,
ланецот е добар,
огледалото е наместено
и кочниците се стегнати.

Се наредивме пред линијата
сите како под конец
и слушнавме глас – ѕвонец:
 – Еден, два,три,
тргни дете ти!

Трката почна,
летавме и ние
надолу по патот
нагоре, нагоре, оп,
лелееее колку голем скок!
Завртев нагло, направив трик,
забрзав вешто, врв,
на целта стигнав прррρв!



## Максим

Нани ми нани,
Максим на мама,
нани ми сине
голем ми стани!

Нани ми нани
радост на тато,
нани ми мирно
и спокојно, злато!

Нани ми внуче
мило на баба,
сонце и радост,
солзо моја, младост!

Разбуди се ангел,
Максим на дедо,
стани ми внуче
да шетаме, чедо!

## Бисквитчиња

Мама купи бисквитчиња,
нè почести и ги скри,
– За гости да се најдат дечиња,
нека стојат, ве молам, бидете добри!

Помина малку време...
„Скен“ направив низ куќата јас:
баба, ја видов, на столот дреме,
дедо во бавчата надвор чепка,
мама филм гледа и трепка ли трепка,
сестра ми на фејсбук „спие“,
ниту една нова вест не ѝ бега
а тато е уште на работа сега.

Се доближив тивко, на прсти,
го отворив долапот бел,
внатре имаше бисквити од сите врсти...
Лелеее, со чоколадо се извалкав цел!



## Муви

Досадни муви се муваат денес,
цел ден зујат,
збеснуваат и луѓе поткаснуваат.
„Ќе врне!“, баба ми вели,
„сигурно, сигурно ќе истура,
ќе светка, ќе грми...“

Што вели баба? Не разбирам!
Каков дожд на ова сонце,
какво жешко, време тешко,
мувите се само тука,
дека лето в куќа чука!

Видовити муви некои
навистина биле тие
зашто, времето се натажи,
се стемни дури,
дожд голем истури!

## Белешка за авторот

Жаклина Михајлова е родена на 10-ти март 1964 година во Кочани, Македонија. Во Сиднеј живее и работи од 1990 година.

Во 1984 година, завршила Педагошка академија во Скопје, а во 1986 година завршила Филолошки факултет – група „Национална литература и македонски јазик“, на Универзитетот „Кирил и Методи“ .

Од најраната детска возраст се бави со литература и култура. Била член на Детската радио драма, при Националното македонско радио, а глумела детски улоги во повеќе радио драми и телевизиски серии. Работела како новинар и водител во Македонската Телевизија, како професор по македонски јазик во гимназијата „Раде Јовчески – Корчагин“ во Скопје, како дописник на повеќе весници и списанија низ светот, како уредник и водител на Македонските радио програми „Македонски бисери“ во Волонгонг и „Македонски глас“ во Сиднеј. Денеска таа работи како учителка по македонски јазик во редовното Основно Училиште во Калтон – Сиднеј.

Жаклина Михајлова е еден од основоположниците и уредниците на Македонскиот Телефонски Именик за НЈВ и Канбера – најтиражната публикација на македонски јазик печатена надвор од Македонија.

Таа е активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура и доброволно работи на организирање и креирање на Манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура и традиции. Таа е иницијатор и повеќе од 20 години организатор на Македонскиот Бал за бизнисмени и професионалци во Австралија, а била организатор и на повеќе аматерски музички фестивали во Австралија , како и на два детски музички фестивали во Сиднеј: „Македонче“ и „Златно славејче“.Објавувала поезија и проза во најразлични литературни списанија и весници. Досега ги има објавено збирките лирска поезија: „Од по жица“, „Двојник“, „Руен“, „Талкања“, како и збирките хаику поезија со наслов „Цут“ и „Шум“. Михајлова е автор на сликовницата за деца“ Патувањето на Дедо Мраз“.

Жаклина е член на Друштвото на писателите на Македонија и член на Друштвото на новинарите на Македонија, член е на Австралиската хаику асоцијација и на Центарот на писатели во Нов Јужен Велс, Австралија. Таа е Претседател на Македонскиот просветно училишен одбор на Нов Јужен Велс, член на Координативното тело на федерацијата за јазици на заедницата во Нов Јужен Велс, член на Асоцијацијата за модерни јазици на НЈВ, член во Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, а членува и во повеќе добротворни организации.

www.zaklinamihajlova.com
Email: zaklinamihajlova@gmail.com

## СОДРЖИНА

Рис ........ 5
Ху – бум ........ 6
Мецана ........ 7
Буба Мара ........ 8
Пајаче ........ 9
Ручек ........ 10
Златенце ........ 11
Играта на Мими ........ 12
Телефонски разговор ........ 13
Сонце ........ 14
Што сакам да бидам ........ 15
Божилак ........ 16
Комарец ........ 17
Имаме глувче ние ........ 18
Дојди дедо ........ 20
Авион ........ 21
Воз ........ 22
Коледе ........ 23
Божик ........ 24
Роденден ........ 25
МАКЕДОНИЈА ........ 26
Од мене ........ 27
Ученик ........ 28
Химна за македонскиот јазик ........ 29
Наша химна ........ 30
Мајчин јазик ........ 32
Сутлијаш ........ 33
Булдожер ........ 34

Пуканки ........ 35
Шаткините нозе ........ 36
Дуња ........ 37
Послушност ........ 39
Очила ........ 40
Слатки ........ 41
Ѕуница ........ 42
Ѕидар ........ 43
Дожд ........ 44
Готвач ........ 45
Славна ........ 46
Облаци ........ 47
Ангелче ........ 48
Моливче ........ 49
Умно дете ........ 50
Играчка ........ 51
Фудбалер ........ 53
Како се сака татковината? ........ 54
На корзо ........ 55
Ава и Чарли ........ 56
Миа и Џејк ........ 57
Трка ........ 58
Максим ........ 59
Бисквитчиња ........ 60
Муви ........ 61

Белешка за авторот ........ 62



*Издавач*
МАТИЦА МАКЕДОНСКА
Скопје, Република Македонија
Тел.: 02 32 21 138, 32 30 358
Факс 32 17 139
E-mail: contact@matica.com.mk

*Жаклина Михајлова*
ЗЛАТЕНЦА
www.zaklinamihajlova.com

*Печат*
„Графостил“ – Скопје
2016

*Тираж*
500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје